УДК 316.334.56

Илија АЦЕСКИ

# СОЦИОЛОГИЈАТА НА ГРАДОТ, СОЦИЈАЛНАТА ТЕОРИЈА И УРБАНОТО ПРАШАЊЕ

Тешко е да се определи почетокот на конституирањето на социологијата на градот како посебна дисциплина. За тоа кога настанала и што е предмет на нејзиното истражување постојат повеќе спротиставени мислења. Присутно е и мислењето дека таа сеуште не е конституирана како посебна дисциплина во системот на останатите социолошки дисциплини. За разлика од тоа мислење присутни се сосема спротивни ставови. На пример, Берџел /E. Bergel, 1955/ смета дека социологијата на градот е централна наука, односно наука за урбанизмот воопшто и, според тоа, нејзина цел треба да биде општата социолошка теорија за развојот на современото општество воопшто. Во последните дваесеттина години, исто така, се појавија различни мислења за тоа што го сочинува нејзиниот предмет и дали воопшто може да се конституира по примерот на другите социолошки науки.

Во анализата на прашањето околу конституирањето на социологијата на градот поаѓаме од следното; Прво, дека социологијата на градот се конституира во рамките на Чикашката школа на урбаната социологија во првите децении на XX век, од Роберт Парк, Ернст Барџес, Родерик МкКензи, Лиус Вирт и др., и, дека дискусиите што тие ги покренаа со своите дела, во текот на неколку децении, создадоа доволно емпириски и теоретски материјал, за што денес можеме да констатираме дека се работи за еден посебен пристап во истражувањето на градот карактеристичен за социолошкиот пристап.

Социолошкиот интерес за проучување на градот се појавува со појавата на социологијата, а особено е присутен последната деценија на минатиот и првите децении на овој век, период кога низ процесот на урбанизацијата се формираат повеќе милионски урбани центри кои постануваат причина за промена на претпоставките на начинот на живот воопшто, односно на преминот од една „селско – аграрна, во друга урбано – индустриска цивилизација." Во споменатиот период, размислувањата за градот и селото се на линијата на нивно разграничување, како два спротиставени света, селото

кое постепено исчезнува а со него и општеството, културата и начинот на животот и градот кој формира сосема различен тип на општествени односи, културни навики, начин на живот, односно нов тип на човек, кој суштински се разликува од селанецот кој е резултат на сосема различни претпоставки, во производството, потрошувачката и сл.

### Влијанието врз појавата и развојот на социологијата на градот

Социолошкиот интерес за градот се јавува многу порано пред конституирањето на социологијата на градот како посебна социолошка дисциплина /Šoe, F. 1978./. Проблемот на градот почнувајќи од Роберт Овен па сѐ до Маркс и Енгелс во текот на XIX век, се поставува во контекстот на општите општествени промени и односи. За Франсоаз Шое тоа е период на „предурбанизмот", кој се разликува од периодот на „урбанизмот" кој главно го формираат специјалисти, најчесто архитекти. „Урбанистот не е ништо друго освен архитект" /Корбизје/.

Интересот за истражување на градот, како посебно подрачје на човековиот живот, се јавува со појавата на големите градови под силно влијание на развојот на индустријата и демографскиот пораст. Проблемите на човекот во големиот град заземаат сѐ позначајно место во теоретските размислувања. Најдлабокиот проблем на модерниот живот потекнува од напорот индувидуата да одржи независност и посебност на својата егзистенција против владеачките сили на општеството, против тежнението на историското наследство, културата и техниката на животот, смета Зимл /Simmel, G. 1971/.

Размислувањата на Зимл за човекот во големиот град претставуваат основа и инспирација за основачите на социологијата на градот и поради тоа заслужуваат посебно внимание. Некои истражувачи на историјата на социологијата Зимл, заедно со Шпенглер, го сметаат за еден од главните претставници на класичната социологија на градот. Но, едно сепак е неспорно, кога станува збор за влијанието што Зимл го извршил врз Чикашката школа на урбаната социологија. За Роберт Парк /Robert Park/ на пример, неговиот есеј за метрополисот и менталниот живот, претставува еден од најзначајните трудови за проблемот на животот во градовите. Неговите анализи за положбата на човекот во современото високо развиено општество подоцна успешно ќе бидат операционализирани од претставниците на Чикашката школа.

Психолошката основа на која се темели големоградскиот тип на човек. е интензификацијата на нервниот живот што произлегува од брзото непрекинато нижење на впечатоци, како оние кои доаѓаат однадвор, така, уште повеќе оние кои се создаваат во човекот. За да се заштити себеси од надворешните влијанија човекот создава „одбранбен орган", против губењето на сопствениот корен, загрозен од флуидноста и спротивностите на околниот свет. Човекот е често индиферентен кон индивидуалните случаи кои не можат да се поматат разумски и поради тоа што „принципот на парите

останува затворен кон секој поединечен феномен. Модерниот дух постанува сметкациски. Идеалот на науката е светот да го претвори во алгебарска формула што одговара на практичниот живот. Адаптацијата на луѓето кои се доселуваат во градот бара „различна количина свест", отколку што е случај со селскиот живот. Човекот во метрополисот реагира со глава, наместо со срце. „Топлите тонови на однесување", кои се карактеристични за малите групи и селската средина, исчезнуваат и ги заменува блазе /blasè/ однесувањето. Човекот реагира со резервираност која е изразена во соседските односи. „Не постои таков феномен кој исклучиво би бил својствен на големиот град од тоа, што е блазираниот човек".

„Кога во постојаните контакти со безброј лица би морало да се одговори со исто толку внатрешни реакции, како што тоа се случува во малите градови во кои човекот ги познава скоро сите кои ги сретнува, и со кои одржува одредени односи, човекот би дошол дотаму целосно да се атомизира и би се нашол во целосно незамислива психолошка состојба." /SIMMEL, 1978, стр. 362/.

Животот на човекот во градот, особено во големиот град, станува едноставен, безличен и лесен и поради тоа што му се нудат различни стимулатори, но од друга страна, него го сочинуваат и голем број такви безлични елементи и спектакли, „кои ги истиснуваат индивидуалните црти по кои се забележуваат разликите". Човекот се претвора во „занемарлива количина на зрно прашина, наспроти грамадната организација на предмети и сили кои, малку по малку, го спречуваат неговиот индивидуален напредок, секој интелектуален живот, секоја вредност /Исто, стр. 366/.

Главните промени што ги предизвикуваат парите, како сеприсутна институција на современото општество можат да се резимираат на следниот начин: Прво, се зголемува слободата на учесниците во било кој вид односи во општеството како, што се земјоделците, земјосопствениците, работодавците, работниците и се јавува тенденција на исклучување на сите морални обзири или процеси на меѓусебно делување. Од една страна човекот прави сè да биде зависен од услугите од сè поголем број луѓе, а од друга, да биде понезависен од луѓето кои тие услуги му ги даваат. Второ, институцијата пари овозможува луѓето да се здружуваат меѓу себе поради некоја заедничка цел со едноставно парично учество, а при тоа, целата личност да не биде ангажирана, што било неопходно, на пример, во средновековните корпорации. Трето, оваа деперсонализација на општествените односи овозможува здружување на поединците поради ограничени цели и тоа без лично меѓусебно поврзување. Четврто, стилот на живот е целосно променет под влијание на парите, како еден од главните економски институции /Barnes, 1982, Том I стр. 305/.

Сите општествени промени се стремат кон сè поголема деперсонализација на сите човечки односи и во насока на таква форма на општеството во која поединците, високо специјализирани во своите функции /поделбата на трудот/ се стремат, како лично слободни атоми во создавање целисходни односи во кои повторно првенство добиваат оние односи кои се условени од

комбинацијата на монетарното богатство или плаќањето на услугите во готово" /Исто, стр. 306/.

Парите ја менуваат суштината на менталниот став на личноста, тие прават сè однапред да се пресмета, па и самото време. Социолошките анализи кои ги иницирал Зимл, особено содржани во сознанието во поимот „претерана нервна стимулација" не нашле своја поконкретна употреба во трудовите на Чикашките социолози, иако е јасно дека сите „деривати" на таквата стимулација биле проучувани од социолозите.

Фердинад Тенис /F. Tönnies/ /претставува еден од позначајните социолози кои извршиле влијание врз погледите на основачите на социологијата на градот. Особено неговата мисла за контрастите меѓу селото и градот, меѓу малиот и големиот град, големиот град и метрополата и најпосле меѓу главниот град и провинцијата.

Општествените појави настануваат со општествено делување на луѓето кое е свесно и кое ја претставува волјата, која од своја страна го претставува мислењето кое ги определува целите и средствата за негова реализација. Постојат два типа волји: органска, „суштинска" и изборна „вештачка" волја. „Волјата, е значи човечки условена со човечка способност на мислење. А во него содржаното мислење суштински се однесува кон целите и средствата" /Lukič, R. 1987, стр. 242/.

За Тенис постојат два типа општествени групи – заедница и општество, – кои во исто време се и историски и структурирани, зошто се наоѓаат во помала или поголема мерка во секое општество. Првиот тип, општеството се формира од органската, а вториот – заедницата, од изборната волја. Суштинска карактеристика на заедницата е тоа што таа, „претставува природен збир кој спонтано и стихијно се формира низ еден долг временски период". Самиот однос, значи и врските да бидат сфатени или како реален и органски живот – тоа е суштина на заедницата, или како идеална и механичка творба – тоа е поимот на општеството... Во општеството се влегува како во нешто туѓо... секоја оценка на селскиот секогаш укажува на тоа дека таму заедницата меѓу луѓето е поцврста, подинамична, заедницата е трајно и вистинско заедничко живеење, општеството само поминливо и привидно... Заедницата треба да биде сфатена како еден жив организам, а општеството како механички агрегат и вештачка творба /F. Tenis, 1987, 235–236/.

Заедницата ја карактеризираат следните елементи: љубов, чувства, обична традиција, солидарност, доверба и сл., а општеството, разум, себичност, раздвоеност на луѓето, надворешни санкции, прописи, метаболизам. Во заедницата поединецот е поврзан со обичај и чувство, нема слобода, трпи колективна судбина. Во општеството е самостоен, сам на себе си ја одредува судбината; заедницата е примитивна, селска; општеството цивилизирано, трговско-индустриско, со мало семејство и највисока форма – држава.

Разликата меѓу заедницата и општеството како основни поими на општествените групи за Барнес /Barnes, 1982/ потсетува на „разликите меѓу органските и механичките општествени ентитети или на разликите меѓу

односите кои настанале по природен пат од чувствата на симпатија и односи кои се воведени свесно и со одредена цел.” Барнес смета, дека за Тенис поимот заедница и општество претставуваат чисти поими и предвидуваат идеални типови кои не постојат во емпирискиот свет.

Преминот од заедница во општество е неизбежен и е проследен со процесот на индивидуализација, метрополитенизација, рационализација на работата и замена на чувствениот со практичен однос и сл., што ќе предизвика силно влијание врз подоцнежните анализи на животот и односите во градовите.

Разликите меѓу заедницата и општеството се видливи и можат да се прифатат, но сепак, таа поделба, „не е многу значајна, зошто со неа не може да се објаснат некои особено важни општествени појави, дури и оние најважните, така што таа не е од голем теоретски интерес.”

Освалд Шпенглер /Oswald Spenqler, /во своето дело „Пропаста на Запад” му посветува големо внимание на градот/ делот Градови и народи /Spenqler, 1990/ каде се изнесени интересни мисли за улогата на градот во развојот на општеството и културата воопшто, кои извршиле значајно влијание врз некои претставници на Чикашката школа, особено на Роберт Парк.

За Шпенглер постои голема разлика меѓу селанецот и граѓанинот. Секој човек во зависност од местото каде живее, развива сопствен поглед на свет. Светската историја е историја на градот. Не е можно да се разбере политичката и економската историја ако не се сфати дека градот е детерминистички облик. Тој прави разлика меѓу градот како средиште на културата, интелектот и талентот, односно како средиште на светската историја, и селото кое нема историја. Историјата на светот е историја на градските луѓе. Народите, државите, политиката и религијата, сите уметности сите науки... се засноваат на еден прафеномен на човековата суштина градот... Целата уметност, религија и наука, полека постануваат духовно туѓи на селото и земјата, неразбирливи за селанецот кој е со земјата и е на неа... Селанецот е вечен човек, независен од секоја култура, кој прави гнезда по градовите... Градот е дух. Големиот град е „слободен дух”. Градот го презема водството на стопанската историја ставајќи го наместо правредностите на земјата, кои никогаш не можат да се одвојат од селскиот живот и мислење, поимот на парите, одвоен од намирниците.../

Како и Георг Зимл, така и Шпенглер ја истакнал големата разлика меѓу градот и селото. „Скоро сите карактеристики кои ги користат споменатите два автори наоѓаат своја подоцнежна операционализација во трудовите на Чикашката школа” /Čaldarević, O, 1985 стр. 55./

Градот ја ослабнува младоста на една цивилизација, која најчесто се мери со силата на нејзината врзаност за тлото. Метрополата е знак дека една цивилизација остарела. Историјата на светот најдобро се чита од историјата на неговите градови. Градот ја негира природата и тежнее да ја надмине. Куќата е основа на секоја култура и таа е она што е градот за човекот од културата. Но, сè додека огништето, во побожна смисла, постои како суштинска особина за едно семејство, последната алка со селото не е прекината.

Живеалиштата во градот се атоми и ништо не значат, градот е тој кој го чува „значењето на човековото живеалиште”. Присутна е една длабока, пред сè, „психичка разлика меѓу големиот и малиот град, зошто малиот град со своето симптоматично име на полски град постанува дел од пределите кои повеќе ништо не значат”, смета Шпенглер.

**Урбанизмот како начин на живот**

Теоретскиот интерес за проблемите на човекот во големиот град во првите децении на XX век постепено се лоцираат во доменот на емпириските истражувања, за што големите градови овозможуваат идеални услови. Роберт Парк на пример, Зимловите идеи за влијанието на метрополата врз современиот човек ги сфатил на свој еклектичен начин, што помогнало тие да изгубат од својата теоретска јасност, но спротивно на тоа им се прагматизирала структурата, а тоа помогнало да постанат адекватни за операционализација.

Што е тоа што е посебно карактеристично за социолошкиот пристап во истражувањето на градот применет од основачите на социологијата на градот во рамките на Чикашката школа на урбаната социологија, дваесеттите години на XX век?

Одговорот на тоа прашање не е лесен и едноставен.

Прво, поради тоа што не се работи за еден автор или книга, или посебен аспект на пристап во анализата. Станува збор за еден карактеристичен пристап, кој се реализира во рамките на хуманата екологија, и;

Второ, станува збор за различни студии за човекот во градот, за процесите на адаптација, сегрегација, асимилација, миграција и сл. Еколошката теорија од основачите на социологијата на градот е употребена како „збир на обиди за користење на просторните карактеристики како објаснувачки категории.” Градот е независна варијабла, која поседува сопствени закони на развој и автономни текови на промена.

Во класификацијата на Сјеберг /G. Sjeberg/ на школите на урбаната социологија, нејзините основачи не се наоѓаат во рамките на една школа. Сјеберг идентификува повеќе школи во урбаната социологија дефинирани во термини кои означуваат посебни фактори кои ги исполнуваат најважните процеси во урбаниот развој. Тоа се следните: 1/ урбанизација /Redfild i Wirth/, 2/ подзаедница /Park i Burgess,/ 3/ еколошка школа /Dancan i Schnore/, 4/ економска школа /Shevky and Bell/ 5/ школа за средината /Mumford, Louis/ 6/ технолошка школа /W. F. Ogburn/.

Примарен интерес за школата на урбанизацијата /Redfild i Wirth/ е истакнувањето на разликите меѓу градот и селото, меѓу руралната и урбаната популација, а за втората, во која Сјеберг ги сместил Парк и Барџес е градската заедница, во која владее состојба на компетиција, сегрегација и асимилација, со еден збор, градот се сфаќа како „жива лабораторија.”

Тоа што ја издвојува Чикашката школа на урбаната социологија од сите други школи и учења е фактот што во нејзините рамки за прв пат

/можеби и последен/ градот беше еден од главните проблеми на истражувањето.

Р. Е. Парк /R. E. Park/ е еден од основачите на социологијата на градот и социолог кој извршил силно влијание не само меѓу своите колеги на катедрата по социологија на Чикашкиот универзитет, туку и подоцна, врз социолошките истражувања на градот наредните неколку децении.

Во своите анализи на општеството Парк директно се повикува на Дарвин. Принципот на уредување и регулирање на животот е „борбата за живот." Во секоја заедница има повеќе или помалку доминантни видови. Оние кои преживуваат во „борбата за опстанок", наоѓаат свое засолниште во физичката средина и воспоставуваат меѓусебни односи. Општеството во суштина го формираат групи кои поседуваат сопствен „специфичен тип на организација". Тоа се разликува од животинската заедница, и по тоа што има две нивоа, биотичко и културно. Биотичкото ниво е базирано на компетиција, а културното на комуникација и консензус.

Градот за Парк е нешто повеќе од „мешавина на колективна опрема – улици, згради, електрично осветление, трамвај, телефон. Тој е нешто повеќе од обичен збир на установи и администрација и сл. Градот е, пред сè, состојба на духот, збир на обичаи и традиција, воспоставени ставови и чувства кои се нераскинливо поврзани со овие обичаи и се пренесуваат со традицијата /R. Park, 1988/.

Тој се базира на навиките и обичаите на луѓето кои живеат во него, потоа тој има морал како што има и физичка организација а кои „делуваат еден врз друг". Потоа, градот поседува структура, слична на мозаикот на различни подрачја од кои секое има свој посебен живот и свои посебни карактеристики. Низ прозорецот на сегрегацијата се формирала моралната дистанца меѓу луѓето кои живеат во различни мали светови кои се допирнуваат но не се мешаат.

Во анализата Парк се користи со поимот „природно подрачје". Природното подрачје настанува како производ на силите кои постојано делуваат во насока на формирање правилна дистрибуција на населението и функциите во рамките на урбаните комплекси. Ова подрачје е природно, затоа што не е планирано. Градот е констелација на природни подрачја кои поседуваат сопствено карактеристично милје и свои специфични функции. Секој дел од градот има карактеристики на жителите кои го населуваат. Во суштина природните подрачја во градот единствено можат да се идентификуваат пред сè, преку населението кое живее на тоа подрачје.

Градот е природен hàbitat за човекот, каде тој достигнал највисок врв во доменот на културата, науката и уметноста, и е очигледно дека е „осуден" да живее во него. Градејќи го градот, во суштина, човекот се изградувал самиот себеси, смета Парк.

Во социолошка смисла, градот како специфичен организиран простор може да се анализира како детерминантен фактор кој делува врз човекот. Тој може да се посматра и како социолошка лабораторија, во него се можни разни експерименти, на пример, преселувањето на луѓето од една во друга

средина, од една „здрава" во друга „нездрава", и во таа смисла во контролирани услови можат да се проучуваат промените на индивидуата под влијание на промените во околината.

„Градот, особено големиот, во кој сигурно повеќе отколку било каде на светот, човечките односи се безлични и рационално одредени од интересите и парите, во вистинска смисла е лабораторија за истражување на колективното однесување" /Park, 1988, стр. 129/.

Во градот населението се стреми кон сегрегација, не само спрема интересот на групите и поединците, туку и во согласност со „сопствените вкусови и темперамент". Покрај природните подрачја кои се производ на силите кои постојано делуваат врз создавањето правилна дистрибуција на населението, Парк го конструирал и поимот „морално подрачје", кое настанува низ процесот на социјална сегрегација и просторна концентрација на соодветни типови личности кои наоѓаат причина да живеат заедно во рамките на одредена територија. „Неизбежно е индивидуите кои се стремат кон одредени форми на возбудување... да се наоѓаат себеси повремено на исто место. Резултат на сето тоа... е дека населението само тендира кон сегрегирање, не секогаш во согласност со своите интереси туку со вкус и темперамент" /Park, 1974/.

Организацијата на градот, карактерот на урбаната околина и дисциплина што тие ја наметнуваат, конечно се одредени од големината на популацијата, концентрацијата и распределбата внатре во градската територија. Во градот постепено се менуваат материјалните услови за живот, поделбата на трудот, концентрацијата на поединците во одредени простори. Исто така, големи промени претрпува и соседството кое произведува многу несебични видови локални заедници. „Човекот кој прави своја куќа покрај вашата, почнува да полага право на вашите чувства за другарство." Контактите на поединците и групите можат да бидат испитувани во единиците на „социјалната дистанца" и, просторниот концепт може да биде аплициран на објаснувањето на примерите на социјалните контакти.

Градот како специфично организиран простор има дезинтегрирачка улога врз човековиот живот. Парк наведува четири елементи кои ја формираат концептуалната рамка на анализата на општеството во градот; компетиција – интеграција без социјални контакти, акомодација – ограничување на природните желби за индивидуата, конфликт и асимилација – вклучување во средината и прифаќање на културните елементи од други /најчесто/ доминантни групи.

Втор значаен претставник на Чикашката школа на урбаната социологија претставува Ернест В. Барџес /E. W. Burgess 1979/. По примерот на Парк и Барџес смета дека градот треба да се сфати како жив организам, а истражувањата кои треба да се спроведат мораат да доведат до фундаментални промени во „разбирањето на градот како производ на меѓуигрите на економските и културните сили. Основен труд по кој е познат Барџес во социологијата на градот е „The Growth of the city" /Развојот на градот Увод во истражувачки проект", објавен во 1925 год./.

Процесот на ширење на градот Барџес го претставил со серија на концентрични кругови кои предизвикуваат области на функционални диференцијации кои се шират радиално од деловниот центар кон периферијата. Основните хипотези во истражувањето на градот тој ги објаснува со забелешката дека во САД преминот од селска кон градска цивилизација, иако започнал подоцна за разлика од Европа, и не толку брзо и целосно, бил поадекватен во неговите карактеристични форми. Тој смета дека сите манифестации на современиот живот кои се чисто градски /облакодер, метро, стоковна куќа, дневен печат/ се типично американски.

Барџес поаѓа од сфаќањето дека градот треба да се проучува како динамичка структура, како организам и да се утврдуваат различни индикатори на таа структура. Тој формира модел на развој на градот познат како модел на концентрични кругови. Според него еден град се состои од пет концентрични зони, кои претставуваат делови на функционална диференцијација и се шират радијално од деловниот центар.

Првата зона е централната деловна област /Central Bussiness District/. Втората е транзинтна зона, која е запоседната од бизнисот и лесната индустрија и во која се сместени разни типови сламови. Третата зона е населена со работници, вработени во индустријата, кои ја напуштиле втората зона, полоша за живеење и кои сакаат да живеат во лесно достапните места за работа. Оваа зона претежно ја населуваат имигранти кои подолго време живеат во САД. Во четвртата зона се населени богатите слоеви кои живеат во луксузни апартмани. Некои делови од оваа зона ги окупираат пониските слоеви. Петтата зона, или приградска зона, е надвор од градското подрачје, целосно е одвоена и е во растојание од 30–60 мин. од централното подрачје. Барџес е првиот кој укажал дека неговото тврдење не било вистински опис на градот туку една апстрактна шема /Egon. E. Bergel, 1955 стр. 101/

Секоја зона може да се проучува одвоено од другите, потоа, секоја зона настојува да се прошири на сметка на другите околни зони. Во градот е присутен процесот на сукцесија односно постепено менување на намената на секоја од наведените зони.

Градот за Барџес претставува телесен метаболизам, што е под силно влијание на органицизмот. Тој е резултат на еколошките, културните и политичките сили. Еколошките сили го детерминираат процесот на компетиција, сегрегација и дистрибуција на населението кон местото на домување и кон нивното занимање. Културниот конфликт, кој настанува како резултат на интензивни промени во сферата на културата, најчесто доведува до аморалност, деликвенција и социјална дезорганизација.

Во анализата на социјалната сегрегација, тој поаѓа од сфаќањето за градот како „организирана заедница на резиденцијални подрачја во кои, најчесто, ги населува една расна или мигрантска група, економска или социјална класа". Интересно е да се истакне што Барџес не се интересира за причините кои доведуваат до тоа.

Сегрегацијата на населението Барџес ја проучува исклучиво врз основа на своите анализи на имигранторното население и формите на населување на тоа население. Потоа врз основа на првото место на населување, заземање

подобри позиции и интеграција во урбаната заедница. Поради тоа не е за чудење што тој социјалната сегрегација на населението ја свел на проучување на популационите движења на посебните групи од населението, претставувајќи ги низ различни бранови на инвазија. Основниот процес кој може да се констатира со „брановите на инвазија" е процесот на сукцесија, а тој процес, смета Барџес се состои од неколку фази: инвазија на територијата што често започнува како незабележлив процес, на населението во една еколошка зона, потоа доаѓа реакција што може да биде повеќе или помалку виолентна резистенција на населението на заедницата кои се „инвадирани" а која, пак доведува постепено до трета фаза на овој процес, односно до дефинитивен продор на „ново" население и истовремено напуштање, исто така дефинитивно на поранешното население. Четвртата фаза или климакс претставува воспоставување нова стабилност, рамнотежа и еквилибриум /Čaldarević, O. 1985, 115–116/.

Истражувањата на Родерик Мек Кензи /Roderick. D. Mc. Kenzie, 1979/ Лиус Вирт /Louis Wirth, 1958/ покрај истражувањата на Парк и Барџес се исто така значајни и заслужуваат посебно внимание.

Мек Кензи /R. Mc. Kenzie/ прави разлика меѓу хуманата и животинската екологија. Влијанието на дарвинизмот е видлив и врз неговите сфаќања.

Хуманата екологија, според неговото мислење, се занимава со проучување на просторни и временски односи меѓу човечките суштества под влијание на селективните, дистрибутивните и акомодитивните сили на околината /R. Mc. Kenzie, 1979, 145–152/. За него постојат неколку видови заедници. Првиот вид се примарните заедници /земјоделство и рударство/, а вториот вид се секундарните заедници.

Во рамките на хуманата екологија тој наведува осумнаесет различни процеси. Така на пример, процесот на сегрегација за него е од чисто економски мотиви, а процесот на инвазија, процесот на групно преместување и присвојување на соседното подрачје и сукцесија или циклични смени на еколошките процеси.

Една од човековите заедници претставува и индустрискиот град, кој во себе вклучува многу други заедници во кои луѓето се здружуваат по разни основи. „Колку повеќе се развива урбаната заедница толку повеќе во неа расте и процесот на општествената диференцијација. Поради зголемената економска компетиција до која доведува и зголемен број на население, економски послабите активности се повлекуваат и се сместуваат во евтини и тешко пристапни места. Поради тоа станбените зони се разместуваат по типови во зависност од економската структура на населението" /Kostič Cv. 1982 стр. 79.

За Луис Вирт /Wirth, 1958 стр. 145–151/ концентрацијата на голем број население на една територија доведува до голем степен на „поединечни варијации", но и до поголема диференцијација меѓу нив, „Личните особини, професијата, културниот живот и идеите меѓу членовите на урбаната средина можат да се движат меѓу пошироките одделни делови, повеќе од оние во руралната средина".

Примарните врски и односи во рамките на соседството и крвното сродство како и чувствата што се појавуваат за време на заедничкото живеење, најверојатно, нема да постојат, или во најдобар случај ќе бидат релативно слаби во модерниот град.

Големата густина на населеност во градските населби доведува до промени на карактерот на социјалните контакти, луѓето слабо се познаваат меѓу себе, а контактите се претвораат во површни и сегментарни /во однос на вкупниот број жители тие се малубројни/, но се намалува интензитетот на нивното значење. Сегментарноста, површноста и анонимноста се единствените карактеристики на социјалните контакти на градските жители. За Вирт, резервираниот, индиферентен и заситен поглед што урбаните жители го манифестираат во меѓусебните односи би можел да се смета за средство на самоимунизирање против личните стремежи и очекувања на другите.

Во градската средина личноста се здобива со извесна слобода од контролата на другите, „од личните и емоционалните контроли на интимните групи", но во исто време ги „губи спонтаното самоизразување, моралот и чувствата за партиципација што се јавуваат со живеење во едно интегрирано општество", на што укажуваат повеќе социолози во почетокот на XX век. Укажувањата на Диркем на пример, за состојбата на социјална празнина, дезорганизација, растројства и сл., се посебно интересни. Дезорганизацијата и специјализацијата на групите и поединците во просторот се резултат на сè поголемата густина. Во градот настанува „борба" за простор, потоа секоја група се стреми да го заземе просторот што ќе ѝ донесе поголема економска корист.

„Густината на населување, вредноста на земјата, давањето под наем, пристапноста, здравата средина, присутниот естетски аспект, отсуство на недостатоци, како бучава, чад и нечистотија, ја одредуваат пожелноста на одредена област во градот, како места за населување на одделни делови од популацијата" /Wirth, цит. дело стр. 148/.

Градот се претвора во мозаик од социјални светови во кои преминот од еден во друг е нагло. Човекот е член на повеќе здруженија и групи во кои егзистира фрагментарно, со само еден сегмент од неговата личност.

Во социолошките истражувања на градот, важно е да се операционализираат трите основни димензии: густината, бројот и степенот на хетерогеноста на населението. Тој може да се проучува и како физичка структура /население, технологија и еколошка структура/ и како систем на социјална структура, социјални институции и форми на општествено однесување и како збир на идеи, технологија, констатации вклучени во типични форми на колективно однесување.

Карактеристично за градскиот начин на живот е тоа што во него преовладуваат секундарните односи, слабеат роднинските врски, слабее општествената улога на семејството, исчезнува институцијата соседство, се напуштаат традиционалните односи и се заменуваат со имперсонални. Наместо вистински роднински односи се создаваат фиктивни, наместо територијални единици, како елементи на социјалната солидарност, се созда-

ваат интересни заедници, а градот како општа заедница се претвора во серија на сегментарни односи кои се поставени врз територијална основа со ограничен центар но без дефинитивна периферија” /Čaldarević, O. 1985, стр. 135/.

Основниот проблем со кој се соочува социологијата на градот е како да се откријат формите на социјалната акција и организација кои по правило постојат во релативно постојани и густо населени населби со голем број социјално хатерогени поединци. Дали една населба ќе ја сметаме за градска или не, зависи од тоа колку таа го формира „карактерот на социјалниот живот во конкретна специфична урбана форма”.

Проблемот со кој се соочува урбаната екологија е проблемот на дефинирање на полето на истражување, настанат со утврдување на степенот на меѓузависноста на „просторното” и „социјалното”. Вирт ја исклучува секоја механичка интерпретација на зависноста на „просторот и општеството” во една урбана заедница, кога констатира дека е „апсурдно таа да постои само по карактеристиките на подрачјето”. На пример, ако нешто е во близина на центарот на градот, дека тоа мора да произведува висок степен на деликвенција или некоја друга форма на социјална дезорганизација.

Валтер Фиреј /W. Firey, 1945/ во есејот „Чувството и симболиката како еколошки варијабли”, ги анализира еколошките процеси кои, како што смета тој, „не можат да се објаснат со крута економска анализа”. Основна идеја од која поаѓа во анализата е содржана во прашањето за тоа дали постојат одделни делови во градот како симболи „на одделни културни вредности, и дали локационите активности се само средство за штедење, или тие исто така можат да содржат чувства, кои можат значително да влијаат врз локационите процеси”?

Своите претпоставки, Фиреј успешно ги проверувал на примерот на Бостон. „Бостон има наследено од минатото одделни просторни модели и ориентири што имале забележителна истрајност и дури заживеана моќ и покрај предизвиците од други покорисни...” Во просторот каде е сместена „висока класа”, познат како „Бекон Хил”, потоа „пониската класа” на италијанското подрачје, познат како Норт Енд, и одредени свети места на угледниот Бостон Комон, за Фиреј, во секое од овие подрачја, можеме да препознаеме одредени локациони процеси што, „изгледа им се спротиставуваат на крутите економски закони.” Примерот со Бекон Хил говори дека тој простор долго време останал непроменет. Тој станал симбол за голем број „сентиментални асоцијации” што го прават вистинска атрактивна сила за одреден број семејства на Бостон.

Симболичкото значење на одделни простори во градот, за одделни социјални или етнички групи се смета за позначајно од економската или било која друга карактеристика. Присутен е еден неекономски аспект во привлечноста на одделни делови од градот, кој најчесто е поврзан со атрибутите на просторот како симбол на колективните чувства. Тие простори се резултат на веќе формираните „свети места,” како на пример, старите гробишта на просторот на Бостон Комон, каде биле погребувани претците на многу новоанглиски славни семејства и извесен број на колонијални и

револуционерни водачи. „Затоа постои многустран симболизам кој е во врска со семејната лоза, националноста, граѓанското потекло и сл., а кај сите тие присутни се силни сентиментални асоцијации".

Фиреј смета дека симболно-сентименталниот однос има извршено глемо влијание врз користењето на земјиштето. Примерот со Норт Енд, кварт населен со италијански доселеници ја потврдува тезата дека чувствата поврзани за еден простор се далеку позначајни од што ѝ да е друго. Со текот на времето, Норт Енд станал симбол на италијанската етничка солидарност. „Врз основа на овој симболичен квалитет реонот има одредена моќ на постоење на оние жители кои најмногу ги разменуваат вредностите што преовладуваат овде". Фиреј ги критукува зоналната теорија и теоријата на сектори, исто, како и секој обид, моделите да се објаснат со економски термини. Своите критики тој ги базира врз концептуалните грешки и ги поткрепува со емпириско истражување на условите кои владеат во Бостон. Тој докажува дека теориите на Барџес и Хојт не се однесуваат на Бостон. /Е. Е. Bergel, 1955 стр. 105/.

Просторното здружување во однос на местото на живеење, наспроти условите, е објаснето преку недопирливите, нематеријални вредности на локациите. Тој го истакнува чувството на „симболички однос" меѓу групите и областите и предложил промена на постојните теории во следното: Прво, на просторот му дава поинаков квалитет; Второ, културните вредности и симболичките карактеристики се најзначајни за просторната дистрибуција на населението во градот.

Анализите на Фиреј се значајни за поцелосно поимање на просторната разместеност на населението, особено во случаите кога економските и другите фактори не се доволни да ги објаснат поцелосно еколошките процеси. Иако го пренагласува значењето на симболите во еколошките процеси во урбаниот простор, тој е свесен дека анализата мора да се дополнува со „крутите економски теории".

Теоријата на Фиреј има вредност особено за оние градски средини во кои живее население со мешан состав и во услови на брз пораст на градот со мигрантски групи, кои со себе носат поинакви вредности од оние што ги затекнува во новата средина.

За разлика од Барџес, Хомер Хојт се обидува да покаже дека хомогеноста на употребата на просторот повеќе се јавува во радијални сектори, отколку во концентрични зони. Во суштина тој ја модифицира теоријата на Барџес и наместо кругови што радијално се шират од центарот кон периферијата, говори за сектори, исто така, хомогени кои имаат најчесто издолжена форма со различна намена и внатрешни варијации /Marinovič - A - Uzelac, 1978, стр. 157/.

Неговата теорија поаѓа од поставката дека градската рента опаѓа во секоја концентрична зона степенесто и по сектори и на тој начин се формира градската структура во рамките на зоната, во зависност од положбата на земјата, основните сообраќајници, течението на реките и морскиот брег /Todorović Al. 1965, стр. 130/

Основните заклучоци до кои дошол Хојт главно се содржани во следното. Прво, индустриските области не се шират околу централните делови и зони, туку покрај железничките пруги и крајбрежните појаси или на периферијата на градот. Тие не се шират во кругови туку во редови.

Второ, областите населени со високата класа не се лоцирани во последните концентрични зони на периферијата, туку во еден или повеќе сектори, односно, како што расте градот, така високите класи се селат од центарот, препуштајќи им го на пониските слоеви, кои ги распостелуваат своите живеалишта во триаголна, отколку во кружна форма.

Трето, резиденцијалните делови никнуваат до трговијата на мало или до административните центри и настојуваат да се шират до постојните изградени патнички правци /Bergel, 1955, стр. 104/.

Проучувајќи ја станбената изградба во повеќе градови. на САД, тој доаѓа до сознание дека во почетокот на градбата на скапите станови, во секторите кои се најблиски до банките и државните установи, доаѓа до напуштање на овие делови во ситуации кога настапува процес на инвазија на посиромашните слоеви или нивно сместување во близина. Во таа состојба побогатите слоеви ги окупираат терените кои се најдобри за живеење (падините на планините или по течението на реките) каде постојат погодни терени за рекреација. Овие процеси на напуштање на елитните квартови и централни зони на градот и повлекување во субурбани подрачја, особено се поттикнувани со масовната употреба на автомобилот.

Оправданоста на критиките на концептот на традиционалната школа на урбаната социологија и воопшто на пристапот кој градот го зема за „детерминистички" фактор, како и критиките дека се работи за идеолошки а не научен пристап, нема целосно негаторски карактер и „ќе се спротиставиме на тврдењата дека целото проучување на урбаните феномени во рамките на Чикашката школа е идеолошка измама која би требала да го заштити Status quo и го одвои проучувањето на урбаното во неутралната сфера на просторното" /Čaldarević, 1985 стр. 207/8./ Концептот на класичната урбана социологија кој произлегува од сфаќањето за градот како „творечки" фактор на моделирање на односите меѓу луѓето, по шеесеттите години се напуштени под изговор дека тој концепт претставува само обид за идеолошка интерпретација на стварноста. „Урбаното", „градот", „просторот", се интерпретираат во рамките на улогата на државата во процесот на планирањето и во целината на модерното капиталистичко општество и нивните противречности кои не произлегуваат „сами по себе" од градот.

Урбанизмот не е ништо друго освен резултат на конкретната ситуација а никако посебен ентитет. Тој за Харви /David Harvey/ е социјална форма на чинот на животот, кој меѓу останатото, се базира врз одредена поделба на трудот и на одредена хиерархија на активности кои се конзистентни со начинот на животот.

Берџел /Bergel,1955/ смета /повикувајќи се на едно истражување/ дека сите еколошки теории „содржат значителен степен на вистина, но дека им треба извесна модификација, што и го прави во својата книга.

Критиките кои се појавија особено по шеесеттите години се однесуваат на основната теоретско-методолошка позиција на традиционалната школа на урбаната социологија, а особено доаѓаат до израз во делата на Кастелс /Castells 1975/ Жан Ложкин /J. Lojkine, 1976/ Дејвид Харви /David Harvey 1977/ /Хербарт Ганс/ H. J. Gans, 1968./ Р. Пал /R. Pahl 1968/ и други.

Критичките забелешки на споменатите социолози суштински се однесуваат на сфаќањето на поимот „урбано" или „град", под кои повеќе не се подразбира нешто познато „само по себе", како независно од целината на општеството, туку, пред сè, тие се анализираат како локација на акумулирани вредности и простори каде се создава вишокот на вредноста. Поимот „урбано, смета Кастелс, припаѓа на идеолошката дихотомија – традиционално /општество – модерно/ општество за што не може да се најде емпириски критериум за дефинирање, со што се отфрла пристапот на Чикашката школа".

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Bergel, E., 1955, Urban Sociology, McGrow Hill Book Comp., New York;
2. Barnes, Hari, Elmer, 1982, Istorija sociologije, Tom I, Beograd;
3. Šoe Fransoaz, 1978, Urbanizam, Utopija Stvarnost, Gragevinska knjiga, Beograd;
4. Simmel, Georg, 1971, On Individuality and Social Formes, The University of Chicago Press, Chicago
5. Simmel, Georg, 1978, Veliki gradovi i život duha, vo Fransoa Šoe, cit. delo, 1978, str. 357—367;
6. Lukić, Radomir, 1987, Formalizam u sociologiji, Naprijed, Zagreb;
7. Tenis, F., 1987, Zajednica i društvo, kaj Lukić, R., citirano delo;
8. Špengler, Osvald, 1990, Propast Zapada, Književne novine, Beograd;
9. Čaldarević, O., 1985, Urbana sociologija, Globus, Zagreb;
10. Robert Ezra Park, 1988, Grad: prilozi za istraživanje ljudskog ponašanja u gradskoj sredini, vo, Sociologija grada, podgotvil S. Vujović, 1988, Beograd;
11. Robert E. Park, 1974, Community and Society, vo O. Čaldarević 1985, cit. delo;
12. Ernest, W. Burges, 1979, La croissance de la ville-introduction à un project de recherche, vo knigata Grafmayer Ives et J. Isac, l'Ecole de Chicago, Edition du champ urbain, Paris, 1979, str. 79-126;
13. Louis, Wirth, Urbanism as a way of life, vo knigata, Albert N. A. Negpaul: Urban Man and Society, str. 145- 151;
14. Roderick, D. McKenzie, 1979, L'approche ecologique dans l'etude de la communinte humaine, vo knigata: L'Ecole de Chicago, cit. delo, str. 145-152;
15. Kostić, Cvetko, 1982, Grad i vreme, Vuk Karadžić, Beograd;
16. Firey, W., 1945, Sentiment and Symbolizme as Ecological Variables, American Sociological Review, 10/1945;
17. Marinović-Uzelac, Ante, 1978, Socijalni prostor grada, SNL. Zagreb, 1978;
18. Todorović, A., 1965, Uvod u sociologiju grada, Beograd;
19. M. Castells, 1975, La Question Urbain, Maspero, Paris;

Ilija ACESKI

## SOCIOLOGY OF THE CITY, THE SOCIAL THEORY AND THE URBAN QUESTION

(Summary)

Analysing the constituting of the sociology of the city the author assumes that this sociology constitutes itself at the Chicago School of Urban Sociology and that the works that appeared in that context, between the 1920's and the 1930's caused constructive and extensive discussions. The first part of the work analyses the theoretical views of most thinkers who had a great influence on the founders of the sociology of the city /Simml, Tönis, Spengler/. The second part analyses the basic ideas of the main representatives/... R. Park, Burgess, Wrght, Hoyt, Firey/. In the conclusion, the author, in spite of the criticism addressed to the concept of this school, expresses the point of view that this school has an important place in the study of the city.